УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ
ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ
Бул. Партизански одреди 24, П. Фах 560
1000 Скопје
Република Северна Македонија
Тел.: 02/3116-066
dekan@gf.ukim.edu.mk

SS. CYRIL AND METHODIUS UNIVERSITY IN SKOPJE
FACULTY OF CIVIL ENGINEERING - SKOPJE
Blvd. Partizanski odredi 24, P.O. Box 560
1000 Skopje
Republic of North Macedonia
Tel: 389 2 3116 066
dekan@gf.ukim.edu.mk

Врз основа на член 110 став 1 алинеја 21 од Законот за високот образование (Службен весник на РМ бр. 82/2018) и член 55 став 1 точка 40 од Статутот на Градежниот факултет во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр.419/2019), Наставно-научниот совет на Градежниот факултет на 529. седница одржана на 12.07.2023 година, ја донесе следната

Република Северна Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ Скопје
бр. 02-2/140-378
20-07-2023 год.

# ОДЛУКА

за услови за запишување и студирање на 2 циклус на студии според акредитација 2023 – 2028
(за студенти кои имаат завршено прв циклус на студии според претходно акредитираните студиски програми)

1. Студентите со стекната диплома од прв циклус на тригодишни академски студии по градежништво според претходните акредитации, можат да се запишат на студиската програма од втор циклус на студии по градежништво – конструкции, акредитација 2023-2028 без ограничување. Доколку на првиот циклус на студии, студентот ги нема положено предметите: Математика 2, Еластичност и гранична носивост и Површински носачи, треба истите да ги запише и положи во рамките на 2 циклус на студии. Овие предмети се запишуваат за сметка на задолжителните предмети кои се понудени во оваа студиска програма, а студентите ги имаат прослушано и положено на завршените студии од 1 циклус според претходните акредитации, или за сметка на изборните предмети кои се предвидени во студиската програма. Доколку студентот, во рамки на првиот циклус на студии има положено останати изборни предмети, кои според новата акредитација се предвидени како задолжителни, избира заменски предмети од листата на понудени изборни предмети во соодветниот семестар.
2. Студентите со стекната диплома од прв циклус на тригодишни академски студии по градежништво според претходните акредитации, можат да се запишат на студиската програма од втор циклус на студии по градежништво – хидротехника и градежништво – транспортна инфраструктура, акредитација 2023-2028 без ограничување. Доколку во првиот циклус на студии го немаат положено предметот Математика 2, треба истиот да го запишат и положат во рамките на 2 циклус на студии, за сметка на задолжителните предмети кои се понудени во оваа студиска програма, а студентите ги имаат прослушано и положено на завршените студии од 1 циклус според претходните акредитации, или за сметка на изборните предмети кои се предвидени во студиската програма. Доколку студентот, во рамки на првиот циклус на студии има положено останати изборни предмети, кои според новата акредитација се предвидени како задолжителни, избира заменски предмети од листа на понудени изборни предмети во соодветниот семестар.
3. Студентите со стекната диплома од прв циклус на четиригодишни академски студии по градежништво со 240 кредити и VII/1 степен (деветсеместрални студии) по градежништво, можат да се запишат на студиски програми од втор циклус на студии по градежништво, акредитација 2023-2028, без ограничување. Студентите се должни да ги запишат, прослушат и положат сите предвидени предмети со двегодишната студиска програма на која се запишани. При упис на 2 циклус студентите имаат право да побараат еквиваленција на положени предмети од 1 циклус на студии, за сметка на предвидените еквивалентни задолжителни предмети во втор циклус на студии. Максималниот број на кредити, кои може да се стекне со еквиваленција изнесува 60 ЕКТС кредити.
4. Студентите со стекната диплома од прв циклус на тригодишни академски студии по геотехничко инженерство според претходните акредитации, можат да се запишат на студиската програма од втор циклус на студии по геотехничко инженерство, акредитација

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ
ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ
Бул. Партизански одреди 24, П. Фах 560
1000 Скопје
Република Северна Македонија
Тел.: 02/3116-066
dekan@gf.ukim.edu.mk

SS. CYRIL AND METHODIUS UNIVERSITY IN SKOPJE
FACULTY OF CIVIL ENGINEERING - SKOPJE
Blvd. Partizanski odredi 24, P.O. Box 560
1000 Skopje
Republic of North Macedonia
Tel: 389 2 3116 066
dekan@gf.ukim.edu.mk

2023-2028 без ограничување. Доколку студентот, во рамки на првиот циклус на студии има положено изборни предмети, кои според новата акредитација се предвидени како задолжителни, избира заменски предмети од листата на понудени изборни предмети во соодветниот семестар.

5. Студентите со стекната диплома од прв циклус на тригодишни академски студии по геодезија според претходните акредитации, можат да се запишат на студиската програма од втор циклус на студии геодезија, акредитација 2023-2028 без ограничување. Доколку студентот, во рамки на првиот циклус на студии има положено изборни предмети, кои според новата акредитација се предвидени како задолжителни, избира заменски предмети од листата на понудени изборни предмети во соодветниот семестар.
6. Студентите кои завршиле прв циклус на студии на сродни студиски програми на Градежниот факултет или на други факултети во земјата и странство, можат да се запишат на студиските програми од втор циклус на студии, акредитација 2023-2028, согласно условите кои се наведени во акредитираната студиска програма и после посебна постапка на еквиваленција, извршена од страна на комисијата за упис на 2 циклус на студии, за секој случај одделно. Комисијата може да предвиди полагање на диференцијални испити, како предуслов за упис на 2 циклус на студии на избраната студиска програма. Студентите се должни да ги запишат, прослушат и положат сите предвидени предмети со двегодишната студиска програма на која се запишани.
7. Одлуката стапува на сила од денот на нејзино донесување на Наставно – научниот совет.
8. Со донесување на оваа одлука, престануваат да важат сите претходни одлуки кои ја регулираат оваа материја.

ДЕКАН,

Проф. д-р Горан Марковски

Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Република Северна Македонија
ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ СКОПЈЕ

Доставено до
- Одделението за студентски прашања
- Архива
- Продекан за настава
- Продекан за наука и меѓународна соработка